Врз основа на член 20 став (3) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 261/19) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ИЗВЕЗЕНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за враќање на данок на извезени моторни возила.

**Член 2**

(1) Барањето за враќање на данок на извезени моторни возила се поднесува на хартија во бела боја во А-4 формат.

(2) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 20 –_________

____________ 2019 година

Скопје

Министер за финансии

д-р Нина Ангеловска